**20231292389**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНАТА ДЕЛНИЦА БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА НА КОРИДОР VIII, ФАЗА 2”

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2”,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јуни 2023 година.

Бр. 08-3261/1
14 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНАТА ДЕЛНИЦА БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА НА КОРИДОР VIII, ФАЗА 2”

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по договорот за заем за финансирање на Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка – источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“ („Службен весник на Република Македонија“ број 178/14 и 10/15), во насловот на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборовите: „Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка – источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2““ се заменуваат со зборовите: „Проектот за изградба на источната делница од железничкиот Коридор VIII, од Куманово до Крива Паланка и финализирање на подобрувањето на железничката пруга на Коридорот X“.

Член 2

Во членовите 4, 5, 6 и 7 зборовите: „Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ – Скопје“ се заменуваат со зборовите: „Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје“.

Член 3

Членот 7-а се менува и гласи:

„Прометот на добра и услуги извршен кон Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, наменети за реализација на Проектот за изградба на источната делница од железничкиот Коридор VIII, од Куманово до Крива Паланка и финализирање на подобрувањето на железничката пруга на Коридорот X, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон, е ослободен од данок на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок.

Увозот на добра/стоки извршен од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, наменети за реализација на Проектот за изградба на источната делница од железничкиот Коридор VIII, од Куманово до Крива Паланка и финализирање на подобрувањето на железничката пруга на Коридорот X, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон, е ослободен од данок на додадена вредност, увозни давачки и акциза на енергенти и данок на моторни возила.

За прометот кој е извршен кон Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, наменет за реализација на Проектот за изградба на источната делница од железничкиот Коридор VIII, од Куманово до Крива Паланка и финализирање на подобрувањето на железничката пруга на Коридорот X, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон, за кој истиот е даночен должник согласно со членот 32 точка 4 и членот 32-а од Законот за данокот на додадена вредност, е ослободен од обврската да пресмета и да плати данок на додадена вредност.

Даночниот обврзник кој врши промет ослободен од данок на додадена вредност согласно со ставот 1 на овој член, задолжително, освен име (назив) на примателот на доброто или корисникот на услугата, во фактурата го наведува и називот на проектот и називот на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, при увоз на добрата ослободени согласно со ставот 2 на овој член, на надлежниот царински орган задолжително му доставува копија од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и изјава дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на „Проектот за изградба на источната делница од железничкиот Коридор VIII, од Куманово до Крива Паланка и финализирање на подобрувањето на железничката пруга на Коридорот X“, финансиран со Договорот за заем од членот 2 од овој закон.“.

Член 4

По членот 7-а се додава нов член 7-б, кој гласи:

„Член 7-б

Добрата/стоките, кои биле ослободени од плаќање увозни давачки врз основа на членот 7-а став 2 од овој закон, во рок од три години од денот на увозот, не смеат да се отуѓат, да се дадат на користење на друг, да се позајмат или поинаку да се употребат за други цели, а не за оние за кои биле ослободени од плаќање увозни давачки, пред да бидат платени увозните давачки. Таквите предмети не смеат да се дадат во залог, да се изнајмат или да се дадат како осигурување за други обврски.

Доколку имателот на правото пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, добрата/стоките кои биле ослободени од плаќање на увозни давачки врз основа на членот 7-а став 2 од овој закон има намера да ги употреби за други цели, а не за оние за кои биле ослободени од плаќање увозни давачки, поднесува барање за плаќање царински долг до царинскиот орган.

Висината на царинскиот долг од ставот 2 на овој член, царинскиот орган ја пресметува врз основа на елементите за утврдување давачки, што важеле во моментот на поднесување на барањето за плаќање царински долг.

Во случај на непридржување на одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, висината на царинскиот долг се пресметува врз основа на елементите за утврдување давачки во моментот на прифаќање на царинската декларација, врз основа на која стоката била ослободена од плаќање увозни давачки.".

Член 5

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија", а зборовите: „Проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка – источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2"" се заменуваат со зборовите: „Проектот за изградба на источната делница од железничкиот Коридор VIII, од Куманово до Крива Паланка и финализирање на подобрувањето на железничката пруга на Коридорот X".

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".